Леон Валентин Вогрич од татко Валентин
мајка Марија родена 1880 г.

Леон е роден на 6 ноември 1921 година во село Чигињ, општина Толмин во близина на Нова Горица, СР Словенија (порано под Италија, по народност Словенец. Завршил седми разред реална гимназија во Горица и почнал осми. На 11 јануари 1941 година станал на отслужување воjни рок во Фолињо централна Италија во Брдска алтилерија а покасно е прекомандуван во Албанија во близина на Корча село Дреново, тука беше воена база заедно со неговиот другар Југ (Здравко) Валентин, сега е жив и настанет е во Нова Горица ул. Грегорцилева број 15.

Во село Дреново - околија Корча - Албанија на 25 декември 1941 година се поврза со комунистите од тој крај заедно со Југ (Здравко) Валентин и тие му поставуваа задача да собираат оружје и друга опрема.

Во месец јуни 1942 година дезертира од италијанската фашистичка војска и сака да оди партизан - го прифатија албанските комунисти и преку нив партиската организација во Преспа - село Подмочани го прифативме и сместивме во илегалство.

Во летото 1942 година отиде во партизани во одредот "Даме Груев"

Пролетта 1943 година е убиен - ликвидиран од бугарскиот фашистички окупатор.

Неговиот другар Југ (Здравко) Валентин за кого станува збор погоре во месец август 1943 година со Темпо - Светозар Вукмановиќ дојде од Албанија во Југославија - Македонија - стапува во Првата македонско-косовска ударна бригада во Дебарца.